РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-7457/2
14-09- 2022 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија бр.5/02") и член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19, и 29/19") и Врз основа на Програмата V2 – Програма за социјална заштита и заштита на децата на Општина Струмица за 2022 година („Службен гласник на Општина Струмица" бр.27/21"), Градоначалникот на Општина Струмица објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за

времен ангажман на евидентирани невработени лица за вклучување во Проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес"

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се заинтересирани да се пријават за работно ангажирање како лични асистенти на ученици со попреченост, кои се вклучени во образовниот процес во основните и средните училишта на територија на Општина Струмица во учебната 2022/2023 година.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, во период од 1 октомври 2022 година до крајот на учебната 2022/2023 односно заклучно со 10 јуни 2023 година

За кандидатите кои ќе бидат избрани и ангажирани во Проектот „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес" се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари бруто износ, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:

1. Два лични асистенти во СОУУД „Димитар Влахов" Струмица
2. Три лични асистенти во ООУ „Маршал Тито" Струмица
3. Четири лични асистенти во ООУ „Видое Подгорец" Струмица
4. Четири лични асистенти во ООУ „Сандо Масев" Струмица
5. Три лични асистенти во ООУ „Никола Вапцаров" Струмица
6. Три лични асистенти во ООУ „Даме Груев" Куклиш
7. Еден личен асистент во ООУ „Маршал Тито" Муртино
8. Два лични асистенти во ООУ „Герас Цунев" Просениково

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават на Јавниот повик, треба да ги исполнуваат следните критериуми:

– Да имаат завршено средно образование од било која област и да бидат евидентирани во базата на податоци на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Да бидат комуникативни, флексибилни, толерантни, психички стабилни, одговорни, принципиелни и со или без работно искуство. Предност ќе имаат кандидатите кои имаат претходно искуство во работа како лични асистенти во претходните циклуси на проектот и се имаат стекнато со сертификат за лица со попреченост.

Потребни документи кои треба да бидат доставени се:

•Барање за учество во Проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес";
•Потврда од Агенцијата за вработување дека кандидатот е невработено лице евидентирано во Агенцијата;
•Доказ за завршено образование (копија).
•Копија од сертификат за личен асистент во наставен процес

Јавниот оглас ке трае 10 дена од денот на објавувањето.

Барањето со потребните документи, да се доставаат на адреса: Општина Струмица, ул. Сандо Масев бр.1, 2400 Струмица, лично во архивата на Општина Струмица, или по пошта., со назнаката „ За Јавен повик за времен ангажман на евидентирани невработени лица за вклучување во Проект „Лични асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес"

Доставените барања ќе бидат разгледани од страна на именувана со Решение од Градоначалник, Комисија за следење на проектот составена од претставници од општината. Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Струмица и избраните кандидати.

**Напомена!**

Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Лице за контакт:**
**Нела Масалковска**
**Советник во Одделение за ЛЕР**
**e-mail:nela.masalkovska@strumica.gov.mk**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА СТРУМИЦА